# Закон за заштита на сведоци

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ [1]

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Општа одредба

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат постапката и условите за давање заштита и помош на сведоците, се дефинираат мерките за заштита и се установуваат Совет за заштита на сведоци и Одделение за заштита на сведоци.

Одредбите од овој закон се применуваат и на соработниците на правдата и на жртвите кои се јавуваат во својство на сведоци, како и на блиските лица на сведоците, соработниците на правдата и жртвите кои се јавуваат во својство на сведоци.

### Значење на изразите

**Член 2**

Изразите што се употребуваат во овој закон го имаат следново значење:

1. "Сведок" е секое лице кое согласно со Законот за кривичната постапка има својство на сведок и поседува информации за извршувањето на кривичното дело, неговиот сторител и други важни околности, односно податоци и информации од значење за кривичната постапка кои се неопходни и решавачки за докажувањето на кривичното дело, со чие изнесување животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имотот од поголем обем на сведокот се изложуваат на опасност;

2. "Соработник на правдата" е секое лице против кое е покренато обвинение, е осудено или е припадник на криминална група, банда или друго здружение, или учествувало во извршување на кривично дело од областа на организираниот криминал, но се согласило да соработува со надлежните органи за откривање, гонење и пресудување на кривични дела, особено за давање исказ во својство на сведок во кривичната постапка за криминалната група, банда или друго здружение или за кое било кривично дело поврзано со организираниот криминал;

3. "Жртва која се јавува во својство на сведок" е секое лице на кое со кривично дело му е повредено или загрозено некое негово лично или имотно право, кое поседува информации од значење за кривичната постапка со чие давање неговиот живот, здравје, слобода, физички интегритет или имот од поголем обем би му биле изложени на опасност и кое се согласило со давање исказ во својство на сведок во кривичната постапка да соработува со правосудните органи;

4. Под "блиско лице" се подразбираат:
- брачниот и вонбрачниот другар на сведокот, на соработникот на правдата и на

жртвата која се јавува во својство на сведок,
- роднините на сведокот, на соработникот на правдата и на жртвата која се јавува во својство на сведок по крв во права линија, роднините во странична линија заклучно до трет степен, како и роднините по сватовство заклучно до втор степен,
- посвоеник и посвоител на сведокот, на соработникот на правдата и жртвата која се јавува во својство на сведок и
- друго лице кое сведокот, соработникот на правдата и на жртвата која се јавува во својство на сведок го смета за блиско лице и за кое бара да биде вклучено во Програмата за заштита;

5. "Заштитено лице" е сведок, соработник на правда, жртва која се јавува во својство на сведок и нивните блиски лица, кое со одлука на Советот за заштита на сведоци е вклучено во Програмата за заштита и со кое Одделението за заштита на сведоци има склучено спогодба за заштита;

6. "Програма за заштита" (во натамошниот текст: Програмата) претставува систем на мерки и активности предвидени со овој закон кои Одделението за заштита на сведоци ги презема за заштита на животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имотот од поголем обем на лицата вклучени во неа;

7. "Совет за заштита на сведоци" (во натамошниот текст: Советот) е тело кое донесува одлука за вклучување на лица во Програмата, за нејзино престанување и за определување на мерката за заштита „промена на идентитет";

8. "Одделение за заштита на сведоци" (во натамошниот текст: Одделението) е внатрешна организациона единица во Министерството за внатрешни работи во чиј делокруг е спроведување на Програмата;

9. "Спогодба за заштита на сведоци" (во натамошниот текст: Спогодба) претставува акт склучен во писмена форма меѓу Одделението и сведокот, соработникот на правдата, жртвата која се јавува во својство на сведок и нивните блиски лица и ги содржи правата и обврските на Одделението и сведокот, соработникот на правдата, жртвата која се јавува во својство на сведок и нивните блиски лица, како и условите за давање и престанок на заштитата;

10. "Мерки за заштита" се активности предвидени во овој закон преземени од Одделението заради заштита на сведокот, соработникот на правдата, жртвата која се јавува во својство на сведок, како и нивните блиски лица, од секој вид на закана по нивниот живот, здравје, слобода, физичкиот интегритет или имот од поголем обем и

11. "Заплашување" значи секој вид директна или индиректна закана насочена кон сведокот, соработникот на правдата и жртвата кога се јавуваат во својство на сведок, како и кон нивните блиски лица, која може да доведе до влијание врз волјата на лицето да даде исказ во својство на сведок во кривичната постапка.

## Примена на законот

**Член 3**

Овој закон се применува доколку докажувањето на кривичното дело е проследено со несразмерни тешкотии или не може да се изврши без исказ на лице, кое, поради можната опасност да биде изложено на заплашување, закана со одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем, не се согласува во својство на сведок да даде исказ за следниве кривични дела:
- против државата,
- против човечноста и меѓународното право,
- од областа на организираниот криминал и
- за кои со Кривичниот законик е пропишана казна затвор од најмалку четири години.

## Постапување со класифицирани информации

**Член 4**

Информациите до кои во текот на вршењето на должноста ќе дојдат лицата што вршат службена должност во врска со мерките за заштита претставуваат класифицирани информации со соодветен степен на тајност согласно со закон.

Секое лице или орган вклучен во постапката за заштита не смее без овластување од Одделението да дава какви било информации поврзани со одреден сведок, со соработник на правдата и жртвата кога се јавуваат во својство на сведок и со нивните блиски лица, како и за мерките за заштита, во периодот пред вклучувањето во Програмата, за време на спроведувањето на мерките и по престанокот на Програмата.

Забраната за давање информации од ставот 2 на овој член за вработените во Одделението е трајна.

Размената на податоци меѓу надлежните органи се одвива на начин на кој не смее да биде загрозена безбедноста на сведокот и на соработникот на правдата и жртвата кога се јавуваат во својство на сведок, како и на нивните блиски лица.

Надлежните органи се должни веднаш да го известат Одделението за секое барање за откривање на класифицираните информации.

## Согласност за вклучување во Програмата

**Член 5**

За вклучување во Програмата е потребна писмена согласност од лицето кое се предлага да биде вклучено во Програмата.

За вклучување во Програмата на малолетно лице, потребна е писмена согласност од неговиот родител, законски застапник, односно старател.

За вклучување во Програмата на лице на кое му е одземена деловната способност, потребна е писмена согласност од законскиот застапник, односно неговиот старател.

# II. СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИ

### Состав и назначување членови на Советот

**Член 6**

Советот е составен од пет члена, имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците.

Членови на Советот се претставник на Врховниот суд на Република Македонија од редот на судиите, претставник од Јавното обвинителство на Република Македонија од редот на замениците јавни обвинители, директорот на Управата за извршување на санкциите во Министерството за правда, претставник од Министерството за внатрешни работи и раководителот на Одделението во Министерството за внатрешни работи.

Членовите од ставот 2 на овој член имаат свои заменици, кои се претставници од истиот орган на членовите кои ги заменуваат.

Членовите на Советот, односно нивните заменици ги назначува и разрешува функционерот кој раководи со органот што го претставуваат.

**Член 7**

Членовите на Советот, освен раководителот на Одделението и директорот на Управата за извршување на санкциите и нивните заменици, се назначуваат за време од пет години со право на повторен избор.

### Престанување на членство во Советот

**Член 8**

Членството во Советот престанува:
- со престанок на вршењето на функцијата, со престанок на работниот однос на членот или неговиот заменик во органот што го претставува, односно со истекот на времето за кое е назначен,
- од оправдани причини, по барање на самиот член односно неговиот заменик,
- поради повреда на закон и на Деловникот за работа на Советот и
- поради оддавање класифицирана информација поврзана со работата на Советот.

Одлука за престанок на членството во Советот донесува по службена должност функционерот на органот што го назначил членот или неговиот заменик поради причините наведени во ставот 1 алинеја 1 од овој член, односно по предлог на членот или неговиот заменик, поради причините наведени во ставот 1 алинеја 2 на овој член и по предлог на Советот поради причините наведени во ставот 1 алинеи 3 и 4 од овој член.

### Претседател на Советот

#### Член 9

Со работата на Советот раководи претседател, а во негово отсуство заменик. Претседател на Советот и неговиот заменик се претставници од Врховниот суд на Република Македонија.

### Надлежност на Советот

#### Член 10

Советот е надлежен:
- да донесува одлука за вклучување на лицето во Програмата,
- да донесува одлука за престанок на Програмата и
- да донесува одлука за примена на мерката за заштита „промена на идентитет“.

### Начин на работа и одлучување на Советот

#### Член 11

Советот работи на затворени седници кои имаат таен карактер.

Советот може да одлучува доколку на седницата се присутни најмалку четири члена или нивни заменици.

За донесување одлука за вклучување во Програмата, за престанок на мерките за заштита, како и за определување мерка за заштита „промена на идентитет“, потребна е согласност од најмалку четири члена на Советот, додека другите одлуки се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

Административно-техничките работи на Советот ги врши Одделението.

Советот донесува Деловник за работа.

## III. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИ

### Делокруг на Одделението

#### Член 12

Во Министерството за внатрешни работи се формира Одделение.

Одделението го има следниов делокруг на работа:
- да ги вклучува во Програмата по одлуката на Советот лицата од членот 2 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон,
- да одлучува за определување на мерките за заштита, освен за мерката за заштита „промена на идентитет“,
- да ги спроведува мерките за заштита,

- да дава правна помош на лицата од членот 2 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон,
- да ја спроведува Програмата,
- да склучи спогодба за заштита со лицето вклучено во Програмата,
- да воспостави и да води евиденција на податоци за заштитените лица,
- да управува со финансиските средства доделени за реализација на Програмата,
- да остварува соработка со соодветните служби за заштита на сведоци од другите држави,
- да организира континуирана едукација и тренинг на лицата вработени во Одделението,
- да ги чува оригиналните исправи за идентитетот на заштитените лица и
- изготвува оперативни упатства и инструкции за спроведување на мерките за заштита.

Министерот за внатрешни работи со подзаконски акти го пропишува начинот на водење на евиденцијата на податоците од ставот 2 алинеја 7 на овој член и за начинот на чување на оригиналните исправи за идентитетот на заштитеното лице.

### Прикривање на идентитетот на вработените во Одделението и неговиот имот

#### Член 13

Доколку на друг начин не можат да се спроведат мерките за заштита предвидени во членот 26 од овој закон, заради вршење на работите од својот делокруг, Одделението може да го прикрие идентитетот на своите вработени, како и да ја прикрие сопственоста над недвижностите и подвижните предмети што ги користат вработените заради спроведување на определени мерки согласно со овој закон.

### Соработка и давања помош на Одделението од државни и други органи и институции

#### Член 14

Државните и другите органи и институции се должни да му даваат помош на Одделението во остварувањето на работите од неговиот делокруг.

# IV. ПОСТАПКА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПРОГРАМАТА

### Предлог и барање за вклучување во Програмата

#### Член 15

Предлог за вклучување во Програмата до Советот, поднесува Јавниот обвинител на Република Македонија.

Предлогот од ставот 1 на овој член, Јавниот обвинител на Република Македонија го поднесува врз основа на писмено барање за вклучување во Програмата доставено од Министерството за внатрешни работи, надлежниот јавен обвинител или судијата кој постапува по конкретниот предмет.

Барање за вклучување во Програмата од ставот 2 на овој член може да поднесе и лицето кое поради можната опасност да биде изложено на заплашување, закана со одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем, не се согласува во својство на сведок да даде исказ во кривичната постапка, за што Јавниот обвинител на Република Македонија ќе побара од надлежниот јавен обвинител кој постапува по предметот да му ги достави податоците од членот 16 на овој закон.

Јавниот обвинител на Република Македонија до Одделението ги доставува сите неопходни информации за лицето за кое се бара вклучување во Програмата заради добивање мислење во кое ќе бидат содржани описот и процената на опасноста која му се заканува на лицето, предлог на трошковник за спроведување на мерките за заштита и предлог на мерки за заштита и нивно траење.

Јавниот обвинител на Република Македонија ја утврдува содржината и формата на предлогот за вклучување во Програмата и барањето за вклучување во Програмата.

## Содржина на барањето за вклучување во Програмата

#### Член 16

Барањето од членот 15 став 2 на овој закон, особено содржи:
1) податоци за лицето за кое се предлага вклучување во Програмата (име, татково име и презиме, моминско презиме, единствен матичен број на граѓаните, живеалиште, ден, месец, година и место на раѓање, занимање, брачна состојба, имотна состојба, дали, кога и зошто е осудуван, дали и кога ја издржал изречената казна и слично);
2) опис на кривичното дело и процена на постојните докази;
3) конкретни факти и околности од суштинско значење за утврдување на фактичката состојба во врска со кривичното дело, за кои лицето чија заштита се предлага има сознанија, но не е подготвено тоа да го изнесе доколку не се обезбеди негова заштита;
4) содржина на можниот исказ со процена за неговата важност во постапката;
5) барање на лицето чија заштита се предлага за вклучување во Програмата и на негови блиски лица, доколку тоа навело такво барање;
6) опис и процена на опасноста која му се заканува на лицето чија заштита се предлага и
7) други неопходни податоци и информации.

## Содржина на предлогот за вклучување во Програмата

#### Член 17

Доколку Јавниот обвинител на Република Македонија го прифати барањето од членот 15 став 2 на овој закон, во рок од осум дена од денот на приемот на барањето, до Советот поднесува предлог за вклучувањето во Програмата, кој особено содржи:
1) податоци за лицето за кое се предлага вклучување во Програмата (име, татково име и презиме, моминско презиме, единствен матичен број на граѓаните, живеалиште, ден, месец, година и место на раѓање, занимање, брачна состојба, имотна состојба, дали, кога и зошто е осудуван, дали и кога ја издржал изречената казна и слично);
2) предложени мерки за заштита на лицето и предлог за нивно траење;

3) опис на кривичното дело и процена на постојните докази;
4) конкретни факти и околности од суштинско значење за утврдување на фактичката состојба во врска со кривичното дело, за кои лицето чија заштита се предлага има сознанија, но не е подготвено тоа да го изнесе доколку не се обезбеди негова заштита;
5) содржина на можниот исказ со процена за неговата важност во постапката;
6) барање на лицето чија заштита се предлага за вклучување во Програмата на негови блиски лица, доколку тоа навело такво барање;
7) опис и процена на опасноста која му се заканува на лицето чија заштита се предлага;
8) мислење од Одделението во кое се содржани описот и процената на опасноста која му се заканува на лицето чија заштита се предлага, предлог на трошковник за спроведување на мерките за заштита и предлог на мерки за заштита и нивно траење и
9) други неопходни податоци и информации.

**Услови за вклучување во Програмата**

**Член 18**

При донесувањето на одлука за вклучување во Програмата, Советот ги има предвид особено следниве критериуми:
- значењето на информациите кои ги поседува лицето чија заштита се предлага за извршувањето на кривичното дело, неговиот сторител и други важни околности, односно податоци и информации од значење за кривичната постапка што се неопходни и решавачки за докажувањето на кривичното дело,
- информациите од значење за кривичната постапка кои ги поседува лицето чија заšti-та се предлага, да не можат да се обезбедат на друг начин,
- сериозноста на заплашувањето и
- волјата на лицето чија заштита се предлага да соработува со правосудните органи и во процесот на спроведувањето на мерките за заштита со Одделението.

**Донесување одлука по предлогот за вклучување во Програмата**

**Член 19**

По приемот на предлогот од Јавниот обвинител на Република Македонија, претседателот на Советот веднаш, а најдоцна во рок од осум дена свикува седница на Советот.

Советот може од Јавниот обвинител на Република Македонија да побара дополнителни податоци и информации во врска со предлогот за вклучување во Програмата.

По разгледување на предлогот за вклучување во Програмата, Советот најдоцна во рок од 30 дена од денот на доставувањето на предлогот на Јавниот обвинител на Република Македонија ќе донесе одлука и за тоа ќе ги извести Јавниот обвинител на Република Македонија и Одделението.

Доколку предлогот за вклучување во Програмата е прифатен, Советот ќе го задолжи Одделението да склучи спогодба со лицето кое е вклучено во Програмата.

Доколку Советот донесе одлука за вклучување во Програмата на блиско лице, Советот ќе го задолжи Одделението со блиското лице да склучи спогодба.

## Содржина на одлуката за вклучување во Програмата

**Член 20**

Одлуката за вклучување во Програмата содржи:
- податоци за лицето што се вклучува во Програмата (име, татково име и презиме, моминско презиме, живеалиште, единствен матичен број на граѓаните, ден, месец, година и место на раѓање и слично), како и податоци за неговите блиски лица што се вклучуваат во Програмата;
- податоци за кривичниот предмет,
- опис и процена на опасноста која му се заканува на лицето кое се вклучува во Програмата и
- мерка за заштита „промена на идентитет“, само доколку се одлучи да се спроведе оваа мерка.

**Член 21**

Пред донесувањето на одлуката од членот 19 на овој закон, Советот бара писмена согласност од лицето за кое се спроведува постапка за вклучување во Програмата.

Одлуката заедно со писмената согласност на лицето за вклучување во Програмата од ставот 1 на овој член се доставува до Одделението.

## Постапка за продолжување на траењето на мерките за заштита утврдени во Програмата

**Член 22**

Доколку и по истекот на траењето на мерките за заштита утврдени во Програмата, определено со Спогодбата, и натаму постои потреба за заштита на лицето, раководителот на Одделението или Јавниот обвинител на Република Македонија до Советот доставуваат барање за продолжување на примената на мерките за заштита.

Барањето од ставот 1 на овој член се доставува најдоцна 30 дена пред истекот на траењето на мерките за заштита, а во исклучителни случаи доколку тоа го налага безбедноста на заштитеното лице може да биде доставено и по истекот на траењето на мерките за заштита.

Траењето на примената на мерките за заштита од ставот 1 на овој член, може да се продолжи само со согласност на заштитеното лице.

## Итни мерки

**Член 23**

Доколку Јавниот обвинител на Република Македонија оцени дека животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имотот од поголем обем на сведокот, соработникот на правдата, жртвата која се јавува во својство на сведок и нивните блиски лица се изложени на сериозна опасност која не може да биде отстранета со соодветните мерки за заштита што полицијата ги дава на граѓаните, истовремено со предлогот за вклучување во Програмата, го известува Одделението за потребата од примена на итни мерки.

По добивањето на известувањето од ставот 1 на овој член, Одделението во рок од 24 часа ќе донесе одлука за нивна примена, ќе ги преземе тие мерки и за тоа ќе ги извести Советот и Јавниот обвинител на Република Македонија.

Пред да преземе итни мерки раководителот на Одделението ќе прибави писмена согласност од лицето за кое ќе се применуваат итните мерки.

Итните мерки од ставот 1 на овој член траат до донесување одлука од Советот за вклучување на лицето во Програмата.

Како итни мерки можат да се спроведуваат мерките од членот 26 точки 1, 2 и 3 на овој закон.

**Член 24**

По донесувањето на одлуката за примена на итните мерки и определувањето на видот на мерките, раководителот на Одделението ќе побара од лицето за кое ќе се применуваат итните мерки, да му биде извршен лекарски преглед и да пополни прашалник (за личните податоци, имотната состојба, обврските што ги има кон трети лица и други податоци).

Формата и содржината на прашалникот од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за внатрешни работи.

# V. СПОГОДБА ЗА ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИ

**Член 25**

По добивањето на одлуката од членот 19 на овој закон и писмената согласност од членот 21 став 1 на овој закон, Одделението склучува спогодба со лицето вклучено во Програмата.

Пред склучувањето на спогодбата, лицето вклучено во Програмата го пополнува прашалникот од членот 24 став 1 на овој закон.

Спогодбата од ставот 1 на овој член содржи:
а) општи податоци;
б) обврски кон лицето вклучено во Програмата:
- дека во текот на целата Програма на заштитените лица, ќе им се дава правна, психолошка и друга неопходна помош и
- дека економски и социјално ќе му се помага на лицето сé до неговото

осамостојување. Оваа поддршка не смее да биде поголема од износот што е доволен за покривање на животните трошоци за интегрирање на заштитеното лице во новата средина на живеење, односно престојување;
в) обврски на заштитеното лице дека:
- во својство на сведок во кривичната постапка ќе даде целосен исказ идентичен со исказот содржан во изјавата која послужила како основа за вклучување во Програмата,
- ќе се придржува на упатствата на Одделението,
- за целите на негова заштита се согласува без судска одлука спрема него да се спроведува следење и снимање на средствата за комуникација, следење и снимање на просториите во кои престојува, како и негово тајно следење и снимање, односно дека се согласува спрема него да бидат спроведувани неопходни ограничувања на неговите лични слободи и права,
- ќе ги наведе своите сметки, финансиски и друг вид обрски и
- без одлагање ќе го извести Одделението за промената на сите околности што можат да влијаат врз промената на спроведувањето на Програмата;
г) време на траење на мерките за заштита, како и условите за раскинување на Спогодбата;
д) клаузула според која Спогодбата се составува во еден примерок кој се чува во Одделението и дека обврските што произлегуваат од неа не можат да бида предмет на граѓански или друг вид судски спор;
ѓ) изјава која е составен дел од Спогодбата, дадена од лицето вклучено во Програмата во која наведува дека е запознато и ја разбира содржината на Спогодбата и
е) датум и потпис на страните.

Согласноста на лицето кое се вклучува во Програмата и неговата изјава дека наведените податоци во прашалникот се точни, претставуваат составен дел од Спогодбата.

Спогодбата во име на малолетно лице или лице со одземена деловна способност ја потпишува лицето од членот 5 ставови 2 и 3 на овој закон.

Спогодбата е составена во еден примерок и се чува во Одделението.

# VI. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

**Видови мерки за заштита**

**Член 26**

Мерки за заштита се:
1) чување на тајност на идентитетот;
2) обезбедување на лична заштита;
3) промена на живеалиште, односно престојувалиште и
4) промена на идентитет.

**Член 27**

Мерките за заштита утврдени во членот 26 од овој закон ги спроведува Одделението.

Доколку Одделението смета дека е неопходно примена на мерката за заштита „промена на идентитет“ до Советот поднесува барање за примена на таа мерка.

Советот одлучува по барањето на Одделението од ставот 2 на овој член, во рок од 15 дена од неговото поднесување.

**Чување на тајноста на идентитетот**

**Член 28**

Мерката за заштита „чување на тајност на идентитетот“ опфаќа изработка и употреба на лични исправи во кои привремено се променети личните податоци на заштитеното лице, како и изработка и употреба на исправи за сопственоста на одреден имот на заштитеното лице.

Примената на мерката од ставот 1 на овој член, не значи вистинско менување на личните податоци и податоците за сопственоста на имотот на заштитеното лице во сооодветната евиденција што ја водат надлежните органи.

Заштитеното лице може да ги користи исправите од ставот 1 на овој член за склучување одредени договори и други правни работи со трети лица само со претходна согласност на Одделението. Доколку Одделението не ја даде оваа согласност, заштитеното лице може со одобрение на Одделението да определи полномошник кој користејќи го неговото вистинско име и податоци во негово име и за негова сметка ќе го склучи договорот или другите правни работи.

**Обезбедување на лична заштита**

**Член 29**

Мерката за заштита „обезбедување лична заштита“ се состои од оперативна, физичка и техничка заштита на заштитеното лице, со цел да се спречи загрозување на неговиот живот, здравје, слобода, физички интегритет или имот од поголем обем.

**Промена на местото на живеалиштето,односно престојувалиштето**

**Член 30**

Мерката за заштита „промена на живеалиштето, односно престојувалиштето“ на заштитеното лице се остварува преку привремена или трајна промена на неговото живеалиште, односно престојувалиште со друго живеалиште, односно престојувалиште, кое ќе го одреди Одделението.

Мерката за заштита од ставот 1 на овој член, може да биде применета на територијата на Република Македонија или надвор од нејзината територија во согласност со ратификуваните меѓународни договори.

Соработник на правда кој се наоѓа на издржување казна затвор во Република Македонија и на кого му е определена мерка за заштита „промена на живеалиште,

односно престојувалиште“, во согласност со ратификуван меѓународен договор може да биде преместен на натамошно издржување на казната затвор во друга држава.

## Промена на идентитет

**Член 31**

Мерката за заштита „промена на идентитет“ се состои од делумна или целосна измена на личните податоци на заштитеното лице. Личните податоци внесени во новите исправи не смеат да бидат идентични со податоците на друго лице.

Добивањето нов идентитет нема влијание врз статусните и други права и обврски на заштитеното лице.

По истекот на примената на мерката за заштита „промена на идентитет“, заштитеното лице може да се изјасни за задржување на новиот идентитет.

Заштитеното лице не може да го врати својот изворен идентитет доколку промената на идентитетот значително влијаела на статусот на трето лице (склучување брак, татковство, мајчинство и слично).

Со писмена согласност на Одделението, а согласно со упатствата за чување на тајноста и обезбедување на целосната безбедност на заштитеното лице, тоа може со своите изворни лични податоци да учествува во службена постапка во која користењето на личните изворни податоци е неизбежно.

Оригиналните исправи за идентитетот на заштитеното лице се чуваат во Одделението.

Во спроведувањето на мерката за заштита „промена на идентитет“, можат да бидат преземени и активности за промена на физичките карактеристики на заштитеното лице.

**Член 32**

Доколку е донесена одлука за примена на мерката за промена на идентитетот, пред склучувањето на Спогодбата, Одделението ќе го повика лицето кое се предлага да биде вклучено во Програмата да ги исполни своите пристигнати обврски спрема трети лица.

Доколку лицето кое се предлага да биде вклучено во Програмата не ги исполни обврските од ставот 1 на овој член, мерката за заштита „промена на идентитетот“ нема да се применува се додека пристигнатите обврски спрема трети лица не бидат исполнети.

Во случај кога по склучувањето на Спогодбата, Одделението ќе добие сознание за обврска што настанала додека заштитеното лице го имало изворниот идентитет, Одделението ќе го повика заштитеното лице со негово посредство да ја исполни обврската. Доколку лицето не може или не сака да ја исполни оваа обврска, Одделението писмено ќе го извести Советот. Советот во рок од три дена од денот на

приемот на известувањето, ќе одлучи за прекинување на спроведувањето на мерката за заштита „промена на идентитетот“ и за престанок на Програмата.

**Член 33**

Доколку заштитеното лице сторило кривично дело пред промената на идентитетот, по барање на судот, Одделението обезбедува негово присуство и користење на изворниот идентитет, а судот може да определи посебен начин на сослушување во согласност со Законот за кривичната постапка.

**Член 34**

Доколку заштитеното лице стори кривично дело по склучувањето на Спогодбата, Одделението ќе го извести Советот кој може да донесе одлука за престанок на Програмата.

**Член 35**

Сите контакти со заштитеното лице кои се однесуваат на неговите статусни и други права и обврски, се остваруваат со посредство на Одделението.

**Член 36**

Во случај на учество на заштитеното лице во својство на сведок во кривична постапка, поканата му се врачува со посредство на Одделението кое ќе обезбеди негово присуство, а судот може да определи посебен начин на сослушување во согласност со Законот за кривичната постапка.

**Изработка и употреба на исправите**

**Член 37**

Изработката и употребата на исправите кои се користат во согласност со овој закон, со цел да се остварат мерките за заштита не претставуваат кривично дело, ниту пак повреда на други прописи.

**Член 38**

Соработникот на правдата кој е вклучен во Програмата и со кој Одделението има склучено Спогодба, доколку се наоѓа на издржување казна затвор ужива посебни погодности и услови во казнено - поправната установа согласно со закон.

# VII. ПРЕСТАНОК НА ПРОГРАМАТА

**Член 39**

Програмата престанува:
1) со истекот на времето предвидено во Спогодбата;
2) со смрт на заштитеното лице;
3) доколку заштитеното лице или неговиот законски застапник се откажат од заштитата

за што поднесуваат писмена изјава до Одделението;
4) заради престанок на причините поради кои заштитеното лице е вклучено во Програмата и
5) поради непочитување на одредбите од Спогодбата од страна на заштитеното лице.

Одлука за престанување на Програмата согласно со ставот 1 точки 4 и 5 на овој член донесува Советот по предлог на раководителот на Одделението, Јавниот обвинител на Република Македонија или заштитеното лице, односно неговиот законски застапник.

# VIII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Меѓународна соработка

**Член 40**

Меѓународната соработка во областа на заштитата на сведоци, соработници на правдата, жртви кои се јавуваат во својство на сведоци и нивните блиски лица се остварува врз основа на меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија или врз основа на заемен реципроцитет.

Под условите од ставот 1 на овој член, Одделението:
- поднесува замолница до друга држава за прифаќање на заштитеното лице и спроведување на мерките за заштита предвидени со овој закон и
- постапува по замолниците на други држави за прифаќање на заштитени лица и примена на мерките за заштита во Република Македонија.

### Финансиски средства

**Член 41**

Финансиските средствата за спроведување на овој закон се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од меѓународни извори и програми наменети за потребите за заштита на сведоци.

Министерот за внатрешни работи ќе донесе подзаконски акт за начинот на користењето на финансиските средства од ставот 1 на овој член.

# IX. КАЗНЕНА ОДРЕДБА - КРИВИЧНО ДЕЛО

### Неовластено оддавање информации и податоци за сведоците, соработниците на правдата, жртвите кои се јавуваат во својство на сведоци и нивните блиски лица

**Член 42**

Тој што спротивно на закон ќе ги оддаде: вистинскиот идентитет, домот, престојувалиштето на лицата од членот 2 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон, како и други информации што можат да доведат до нивна идентификација која би им го

загрозила животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имотот од поголем обем на лицата од членот 2 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

Доколку делото од ставот 1 доведе до нанесување на тешки телесни повреди на лицата од членот 2 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон сторителот ќе се казни со затвор од најмалку осум години.

Доколку делото од ставот 1 доведе до смрт или самоубиство на лицата од членот 2 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон сторителот ќе се казни со затвор од најмалку 15 години или со доживотен затвор.

# X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 43**

Советот за заштита на сведоци ќе се конституира во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 44**

Во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, со прописи ќе се уреди начинот на водењето евиденција на податоци за заштитените лица, начинот на чување на оригиналните исправи за идентитетот на заштитените лица, начинот на користењето на финансиските средства за спроведување на овој закон, формата и содржината на прашалникот што го пополнува лицето со кое се склучува спогодба, содржината и формата на предлогот за вклучување во Програмата и барањето за вклучување во Програмата.

Прописите од ставот 1 на овој член, претставуваат класифицирани информации со соодветен степен на тајност согласно со закон.

**Член 45**

Советот во рок од 30 дена од денот на неговото конституирање, ќе донесе Деловник за работа кој претставува класифицирана информација со соодветен степен на тајност согласно со закон.

**Член 46**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2006 година.